АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 22 став (1) алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 22 став (1) алинеја (4) и член од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), како и во согласност со Правилникот за систематизација на работните места на АППРСМ бр. 01-165/2 од 05.04.2021 година, со измените бр.01-401/1 од 03.06.2022 година и бр.01-687/1 од 13.10.2022 година и известувањето од Министерството за финансии бр.19-6000/2 од 07.07.2025 година, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија го објавува следниот,

# ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2025

за засновање на работен однос на определено време во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за вработување на 1 (едно) лице, преку засновање на работен однос на определено време до 31.12.2025 година, за следното работно место:
2. Раководител на одделение за општи и финансиски работи, во Одделение за општи и финансиски работи во Секторот за правни и општи работи - еден (1) извршител
Посебни услови

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; – економски науки, правни науки;
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија
Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

Распоред на работно време

- Работни часови неделно: 40
- Работно време: Од понеделник до петок од 07:30-08:30 до 15:30-16:30 часот
- Паричен износ на основната нето плата приближно:40.175,00 денари месечно

Општи услови потребни за работните места:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Доказите за исполнување на општите и посебните условите треба да бидат во оригинална форма или фотокопија заверена кај нотар и тоа:
- Доказ за државјанство;
-Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци);
- Потврда дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност ( не постара од 6 месеци);
- Уверение/Диплома за завршен степен на образование;
- Доказ за познавање компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- Доказ за работно искуство во струката ;
- Кратка биографија со задолжителен контакт телефон, адреса на живеење и електронска адреса;
Рокот за доставување на потребната документација изнесува 3 (работни) дена, сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат. Условите наведени во огласот кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Бараните документи се доставуваат во затворен плик во Архивата на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, ул." Кеј Димитар Влахов" бр.3/2, 1000 Скопје.
На затворениот плик се пишува напомена "Да не се отвора" и "За Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, ул." Кеј Димитар Влахов" бр.3/2, 1000 Скопје" **(со назнака "За оглас број 01/2025").**
Пријавите се доставуваат исклучиво во Архивата на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија

Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk

Ненавремената, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледана.
Изборот на кандидатите ќе се изврши најдоцна во рок од 5 дена, по истекот на рокот за пријавување. Со избраниот кандидат ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2025 година.

В.д. Директор
Даниела Димовска


Агенција за поддршка на Претприемништвото
на Република Северна Македонија

Кеј Димитар Влахов, Бр. 4,
1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3120 132
www.apprm.gov.mk
apprm@apprm.gov.mk